



# Пратениците предлагаат отпис на каматите за неплатените комунални сметки

Сите граѓани должници, без разлика на нивната социјална положба, кои имаат судско решение за извршување издадено заклучно со 1 јули 2011 година, ќе имаат можност да бараат отпис на каматите, доколку во Собранието биде изгласан законот што го предложија тројца пратеници. Според предлогот, ќе се отпишуваат каматите за долгови за струја, вода, смет, телефонија, мобилни и кабловски оператори, трошоци за редовно одржување заеднички делови на зграда, доколку долгот се плати во рок од 12 месеци од носењето на законот.



Пратеникот на СДСМ, Јован Митрески, кој е еден од предлагачите, вели дека зад ова законско предлог-решение стојат сите парламентарни партии, но има расположение и кај приватните компании и кај државните претпријатија за отпис на камати.

- Потпишани се над 90 пратеници, што е редок случај во досегашната работа на Собранието. Беше одржана и јавна расправа, на која присуствуваа претставници од приватни и од државни претпријатија, кои дадоа позитивен сигнал за овој предлог-закон, за да им се излезе во пресрет на засегнатите страни. Позитивното расположение кај претпријатијата беше јасно видливо на јавната расправа, но и во контактите што ги оствариме со нив и пред да го пуштиме предлогот во собраниска процедура - вели Митрески.

Пратениците го одредиле рокот, 1 јули 2011 година, врз основа на моментот кога предметите од судовите се трансферирани кај нотарите и извршителите, а за кои постојат решенија издадени од суд.

- Во предлог-законот се пропишува дека предлозите за извршување поднесени пред 26 мај 2006 година, кои не се правосилни, и предлозите за извршување поднесени врз основа на веродостојни исправи за кои не е донесено правосилно решение за извршување, судот ќе ги предаде на постапување кај нотар, кој постапува како повереник на судот, по што извршувањето би продолжило кај извршителите. Но, морам да нагласам дека ова е почеток на решавање на овој горлив проблем. Ние внимателно ќе ја следиме примената на ова законско решение и доколку утврдиме дека граѓаните сѐ уште се соочуваат со проблеми, ќе иницираме дополнување на законското решение. Наша обврска е да им излеземе во пресрет на граѓаните - оценува пратеникот.

Иако во предложениот закон стои дека тој ќе биде во сила 12 месеци, сепак, предлагачите велат дека направиле дополнителни консултации и постои можност преку амандмани да се интервенира во времето на траење на законот. Не се знае колку граѓани би биле опфатени со законот.

- Конкретен одговор не можеме да дадеме, бидејќи еден граѓанин може да има повеќе судски предмети. Според нашите сознанија, според информации што ги имаме за анализи правени уште во 2014 година, станува збор за над 100.000 судски предмети. Овој предлог-закон ќе почне да се применува веднаш штом ќе биде усвоен. Но претходно предложеното законско решение мора да помине на второ читање и се очекува преку амандмани да се доусоврши истото тоа, за да бидат опфатени сите препораки од јавната расправа и засегнатите страни - вели Митрески.

За отпис на камата ќе се поднесува барање до доверителот. Кон барањето должникот прилОжува и доказ за извршена исплата на главниот долг.

- Доверителот е должен во рок од 15 дена по приемот на доставениот доказ за извршена уплата на главниот долг, да го извести за усвојување (целосно или делумно) или за одбивање на отписот на каматата. Доколку доверителот изврши отпис на каматата, должен е веднаш, но не подоцна од 8 дена по донесената одлука, за истото тоа да ги извести нотарот или извршителот кај кои било трансферирано решението за извршување издадено од судот, дека е исплатен главниот долг и извршен е отпис на каматата, заради што бара запирање на постапката пред нотарот или извршителот, стои во предложениот закон за отпис на камати.

Во законот стои и дека нотарите и адвокатите, доброволно одлучуваат на ниво на нивните комори, за отпис на побарувањата по основа на наплата на казнената камата за нивните трошоци на постапката од должниците физички лица, кои стекнале право на отпис на камата.

Доколку законот биде усвоен, министерот за правда треба во рок од 30 дена да донесе тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и нотарите (по предмети што произлегуваат од овој закон) и од услуги утврдени со членот 1 од овој закон, по претходно прибавено мислење од Комората на извршителите и нотарите.

Засега Министерството за правда сѐ уште се нема изјаснето за предложениот закон.

- Официјално изјаснување од страна на Министерството за правда за овој предлог-закон сѐ уште нема, беа присутни на јавната расправа, ги слушнаа мислењата и во следниот период ќе направиме и консултација и со нив за да ја оствариме целта на најдобар начин бидејќи таа цел ни е заедничка - вели пратеникот Митрески.

## Со балкански налог до подобро прекугранично извршување

На 6 јули во Белград, во организација на Комората на извршители на Република Србија се одржа тркалезната маса посветена на темата за воведување единствен регионален инструмент за прекугранично извршување. На тркалезната маса беше заклучено дека прекуграничното извршување во регионот треба да се подобри и дека идејата за балкански налог за извршување, базирана на искуството на ЕУ, е солидна основа за воведување сличен меѓународен правен инструмент во регионот.

Претставниците на УСААД и ГИЗ ги пофалија регионалните комори за заедничките активности.

Покрај домаќинот, претседателката на Комората на извршители на Србија, Александра Трешњев, на тркалезната маса присуствуваа и претседателот на Комората на приватни извршители на Албанија Теди Малавеци, претседателот на Комората на извршители на Р. Македонија Зоран Димов и претседателот на Комората на извршители на Црна Гора Видак Латковиќ.

Во Белград во рамките на настанот беше потпишан и меморандум за соработка меѓу коморите од регионот.

## Не ѝ се вратени средства на РМ од наплатени трошоци со Законот за бесплатна правна помош

Според извештајот на Министерството за правда за примена на Законот за бесплатна правна помош во 2017 година, до подрачните единиците на Министерството за правда биле доставени 134 барања за остварување на правото на бесплатна правна помош. Биле донесени решенија за 113, од кои 74 биле одобрени, а 39 одбиени.

За дадената правна помош од буџетот на Министерството исплатени им се вкупно 22.534 евра на триесет адвокати и на шест овластени здруженија. На овластените здруженија за дадена претходна правна помош извршена е исплата во износ од 430 евра, а за награда на адвокатите исплатени се над 22 илјади евра.

Во извештајот стои дека во согласност со овој закон присилно не се наплатени трошоци за Република Македонија преку извршители.

## Македонија избриша долг на граѓаните од речиси 30 милиони евра

Владата на РМ во 2014 година во согласност со Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните од јуни истата година, спроведе мерка за отпишување на долговите на социјално ранливите категории. Во рамките на овој проект донесени се 14.869 одлуки за отпис на долгови и отпишан е долг во износ од 1.798.493.393 денари или нешто над 29,2 милиони евра. Се отпишуваа долговите на корисниците на социјална помош и на постојана парична помош, на невработени лица што активно бараат работа подолго од 12 месеци и на лицата што се изложени на социјален ризик поради смрт на брачен другар или инвалидност или потешка болест настанати во последните пет години. Долговите беа за струја, парно, долг по основа на кредитни картички, пречекорување на трансакциски сметки и потрошувачки кредити, кои не се обезбедени со движен или со недвижен имот, како и долг за радиодифузна такса кон МРТВ.

## Хрватска им ги отпиша долговите на 6.250 граѓани

Хрватска им ги отпиша долговите на повеќе од 150.000 блокирани граѓани, кои на државата и на правни лица поврзани со неа им должеле 10.000 куни (1.360 евра) плус камати. Премиерот Андреј Пленковиќ изјави дека долговите се отпишани врз основа на новиот Закон за отпишување долгови за физички лица, кои имале долг до 10.000 куни плус камати, со што целосно се деблокирани 6.248 граѓани. Износот на отпишаниот долг е 1,338 милијарди куни.

Најмногу граѓани на кои државата им го отпишала долгот има во Загреб и тоа 28.743, во Сплит се 4.302, во Осиек 3.701, а во Риека 3.842. Станува збор за отпишување долгови кон државата или правни лица на кои државата им е единствен основач или сопственик, како што се Хрватската радио-телевизија или Хрватскиот завод за здравствено осигурување.